# Зајакнување на напорите за поврат на имот во регионот на ОБСЕ

Борба против транснационалниот организиран криминал и корупција преку таргетирање на нелегалниот профит на криминалците



OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

# Зајакнување на напорите за поврат на имот во регионот на ОБСЕ

## Борба против транснационалниот организиран криминал и корупција преку таргетирање на нелегалниот профит на криминалците

Овој вонбуџетски проект има за цел да ги поддржи земјите учеснички на ОБСЕ во следењето, заплената, конфискувањето и повторна употреба на нелегално стекнатиот имот, како дел од напорите на ОБСЕ за борба против транснационалниот организиран криминал и корупција. Проектот за периодот 2022-2025 год. го спроведуваат Одделот за транснационални закани на ОБСЕ и Канцеларијата на координаторот за економски и еколошки активности на ОБСЕ.

### Контекст

Транснационалниот организиран криминал и корупцијата ги загрозуваат социо-економскиот развој, општата безбедност и владеењето на правото во регионот на ОБСЕ и пошироко. Водени од можноста за стекнување на финансиска добивка, организираните криминални групи прибегнуваат кон корупција за да се инфилтрираат во легитимните економии и државните институции и да ги поткопаат. Докажан начин за попречување и разбивање на ваквите групи е токму повратот на имот. Ваквиот процес на следење, заплена и конфискување на нелегални пари и имот ги лишува организираните криминални групи од нивната моќ и ефективно го прекинува циклусот на криминал и корупција.

Овој проект се надоврзува на резултатите од претходниот вонбуџетски проект на ОБСЕ со наслов „Зајакнување на борбата против транснационалниот организиран криминал во Југоисточна Европа преку подобрена регионална соработка во запленувањето, конфискацијата, управувањето и повторната употреба на имотот“. Овој проект го спроведоа Одделот за транснационални закани на ОБСЕ и Канцеларијата на координаторот за економски и еколошки активности на ОБСЕ во периодот 2019-2023 год. Проектот ги поддржа Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија преку зајакнување на нивните напори за поврат на имотот.

Проектот за периодот 2022-2025 година ги поддржува овие земји учеснички во нивните напори за враќање на имотот, и го проширува опсегот на поддршката за да ги вклучи Молдавија и Украина.

### Преглед на проектот

Проектот се осврнува на недостатоците и потребите на вклучените земји учеснички што се поврзани со циклусот на поврат на имот. Тоа вклучува:

1. Идентификација, следење, заплена и конфискација на имот;
2. Управување со имотот;
3. Повторна употреба на имотот.

*Корисници:*

Примарни корисници на проектот се практичарите од областа на спроведувањето на законот и правосудството, како што се припадници на релевантните полициски оддели, судии и обвинители. Проектот воедно соработува и со канцелариите за управување со имот и со граѓанските организации заради промовирање на ефективното управување со одземениот имот и негова повторна употреба во општествени цели, како што се легитимни продавници, ресторани и јавни простори. Проектот става посебен акцент на поттикнување на прекуграничните напори преку регионална соработка и размена на добри практики и научени лекции.

*Очекувани резултати:*

1. Зголемени капацитети на практичарите на кривичното право за систематско идентификување на имот стекнат по пат на криминал и примена на мерките за заплена и конфискација на имот преку градење на капацитетите и поддршка на политиките во специфичните аспекти на повратот на имот, прилагодени на националните потреби. Проектот ќе посвети посебно внимание на зајакнување на капацитетите на судиите.
2. Подобрена неформална прекугранична размена на информации за случаите на организиран криминал преку обезбедување оперативна поддршка на единствената постоечка неформална мрежа на агенциите за управување со имот, Балканската меѓу-агенциска мрежа за управување со одземен имот, и на Постојаната конференција на обвинители за организиран криминал.
3. Унапредена и повторена општествена пренамена на имотот преку поддршка на конкретни проекти за повторна употреба на одземениот имот во општествени цели.

*Партнери:*

Проектот се спроведува во тесна соработка со теренските операции на ОБСЕ, како и владините и непрофитните субјекти во земјите корисници и другите земји учеснички за да се обезбеди сопственост и одржливост на резултатите.

*Донатори:*

Проектот е финансиски поддржан од Австрија, Германија, Италија и Соединетите Американски Држави.

16 PEACE, JUSTICE AND STRONG INSTITUTIONS

*Придонес кон Целите за одржлив развој (ЦОР):*

Цел 16: Мир, правда и силни институции